Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 11/0306
02.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2023 година, врз основа на примена жалба од „Субверзивен фронт“ со ново име скопски „КВИР ЦЕНТАР“ Здружение за сексуални и родови малцинства, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „ДоказМ.мк“, насловен „Тимчо и геј вредностите по школите во Аеродром“ отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членовите 1, 10 и 12 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 декември 2022 година, „КВИР ЦЕНТАР“ Здружение за сексуални и родови малцинства поднесе жалба за текстот со наслов „Тимчо и геј вредностите по школите во Аеродром“, објавен на 24 декември 2022 година, на интернет – порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazm.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот, вклучително и насловот, е полн со стереотипи, дезинформации и дека истиот омаловажува и дискриминира, со што негативно влијае на способноста да се решат основните причини за општествените проблеми.

*„Слободата на медиумите е неприкосновено право, но, новинарот, не смее свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка). Порталот ДоказМ.мк во овој наслов и текст, има говор на омраза и промовира дискриминаторски говор и предрасуди,* се вели во поднесената жалба на „КВИР ЦЕНТАР“ Здружение за сексуални и родови малцинства.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

**МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ***

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот се прекршени членовите 1, 10 и 12 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз било која оснва (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)*

***Член 13: „****Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

*При **расправата за** мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „ДоказМ.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на Регистарот на професионални онлајн медиуми.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

На седницата одржана на 16 јануари 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата утврди дека станува збор за текст кој се коси со основните професионални и етички стандарди. Самата содржина е нејасно прикажана, односно станува збор за нафрлани реченици без контекст, па оттаму не може да се вклучи во ниту еден новинарски жанр, иако е објавена во делот „Колумни“. Комисијата заклучи дека во случајов не може да станува збор за колумна, бидејќи во содржината нема никакво изразување став, туку нафрлани реченици за кои не е јасно дали и од каде се преземени, ниту пак од кого се напишани – дали од самиот автор или пак се преземени од социјалните мрежи или од други медиуми.

Од текстот е јасно дека авторот, кој не е потпишан, алудира на случајот кога наводно во основно училиште во општината Аеродром постоел предлог (за кој подоцна се испостави дека потекнал од ученици) еден ден во одредена недела да има т.н gender swap, односно момчињата да се облечат како девојчиња и обратно. Овој случај предизвика интерес во јавноста и **истиот** беше од јавен интерес, но во текстот на ДоказМ.мк тоа е крајно некоректно пренесено. Случајот се поврзува со градоначалникот на Општина Аеродром, чија фотографија е и објавена во текстот.

Текстот е тенденциозен и не нуди минимум објективна информација, а воедно се алудира и на тоа дека градоначалникот зел пари за овој наводен проект, тврдење кое со ништо не е докажано и поткрепено.

***„Лапнал евра колибри од лгбт“***

***„За, да биде проектот веродостоен, треба Тимчо да се појави во фустан во некое од училиштата, во придружба со Боби Гази Баба со мрежасти чорапи и штикли, како заменик градоначалник, нели. Се, друго е фарса, манипулација со децата и перење пари“.***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Станува збор за несериозни наводи на порталот, кои не се утврдени и поткрепени со факти, а истиот содржи и доза на цинизам и потсмев. Сето ова може сериозно да влијае на угледот и репутацијата на актуелниот градоначалник, чија улога во овој проект не е ниту јасна, ниту пак е вложен напор за да се објасни.

Во *„Насоките за етичко известување на онлајн медиумите“*, во членот 1.4 јасно стои дека „онлајн медиумите нема да објавуваат неосновани обвинувања, клевети, гласини, измислени интервјуа, анонимни дописи и други информации чија кредибилност не може да се процени“. Во членот 1.6, пак, се вели дека „при користењето информации добиени од социјалните мрежи, од веб-страници, блогови или други извори на интернет, онлајн медиумите внимателно ќе ја проверат нивната веродостојност и кредибилност“. Со оглед на тоа што за објавената содржина не може да се процени кредибилноста, а изнесените информации, пред сè тврдењето дека градоначалникот бил платен за горенаведената идеја во основното училиште, не може да се земе како кредибилна и веродостојна, бидејќи не се изнесени никакви аргументи, Комисијата заклучи дека е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите.

Воедно, Комисијата заклучи дека текстот содржи стигматизирачки и навредлив говор кој се однесува на припадници на малцинска група и може да поттикне омраза кон таа група, со што е прекршен **членот 10** од Кодексот на новинарите. Воедно, беше утврдено и дека со текстот е направено прекршување на **членот 13** од Кодексот, каде стои дека „мора да биде разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката“.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595